Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 08-338/2
Дата: 17-05-2023

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-338 од 28.04.2023 година, поднесена по електронски пат од страна на [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација по основ на здравствена состојба, лично својство и општествен статус, национална или етничка припадност, попреченост, семејна или брачна состојба во област правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник н РСМ бр.258/20) на 17.05.2023 година го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК
**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

**Се отфрла** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-338 од 28.04.2023 година, поднесена по електронски пат од страна на [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација по основ на здравствена состојба, лично својство и општествен статус, национална или етничка припадност, попреченост, семејна или брачна состојба во област правосудство и управа, **заради ненадлежност.**

## Образложение

На 28.04.2023 година, преку електронскиот систем на КСЗД, примена е претставка за заштита од дискриминација бр. 08-338 од 28.04.2023 година, поднесена од страна на [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација по основ на здравствена состојба, лично својство и општествен статус, национална или етничка припадност, попреченост, семејна или брачна состојба во област правосудство и управа. Во претставката подносителот како своја лична адреса ги наведува следниве податоци: [redacted] тел. [redacted], општина Арачиново, своја лична електронска пошта, што упатува дека подносителот е жител на Босна и Херцеговина, но за да ја поднесе електронската претставка, ја искористил системски понудената општина – Арачиново, како задолжително поле при пополнувањето на истата.

Во претставката, подносителот наведува дека се чувствува дискриминаран по горенаведените дискриминаторски основи од страна на лицето [redacted] наведувајќи ја нејзината поранешна адреса, во општина Кисела Вод Скопје и бројот на нејзиниот поранешен мобилен телефон.

Како опис на настанот, подносителот наведува дека [redacted] преку вибер и интернет вршела тежок сајбер криминал над него... од 8 март 2020 до денес го уништувала како човек, живеела


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

лажен живот покрај него и неговите дела, и наведува имиња и презимиња на неколку женски лица од Скопје. Тој не наведува никакви докази а изјавува дека насекаде се обраќал до други институции.

Од горенаведеното, Комисијата утврди дека според описот на настаните не може да утврди веројатност за извршена дискриминација согласно своите законски надлежности утврдени во членот 21 од ЗСЗД и затоа одлучи како во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. Архива

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk